# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА И ЗАКУП НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.104 од 24.06.2015 година**

**Член 1**

Во Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост ("Службен весник на Република Македонија" број 4/2005, 13/2007, 165/2008, 146/2009, 18/11, 51/11, 27/14 и 144/14 ), во членот 28-а став (1) по зборовите: „по службена должност" се додаваат зборовите: "по електронски пат".

**Член 2**

По членот 84 се додава нова глава и нов член 84-а, кои гласат:

„ЗАПИШУВАЊЕ ВО ЈАВНАТА КНИГА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА НЕДВИЖНОСТИТЕ

**Член 84-а**

Органот на државната управа надлежен за имотно правните работи е должен сите правосилни акти кои содржат правен основ врз основа на кој се врши запишување во катастарот на недвижностите, а се донесени врз основа на овој закон, во рок од пет дена од прибавувањето на доказот за платен надоместок согласно со тарифникот на Агенцијата за катастар на недвижности, заедно со пријавите за запишување по електронски пат да ги достави до Агенцијата за катастар на недвижности."

**Член 3**

Органот на државната управа надлежен за имотно правните работи е должен во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, по електронски пат да се поврзе со Агенцијата за катастар на недвижности.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".